СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 март 1995 година

Скопје, март 1995 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА X-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ**

**ОДРЖАНА НА 29.III.1995 г.**

2. т.Предлог на закон за внатрешни работи, и

3. т.Предлог на закон на Агенцијата за разузнавања

Расправата се води заедно за два закона од стр.7


1. АНДОВ СТОЈАН – 23
2. ГОШЕВ ТУШЕ - 48, 56
3. ДИМОВ ЛАЗАР - 12, 52
4. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 13, 23, 25, 31, 33, 41, 44, 55, 58
5. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 23, 51
6. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 29, 53
7. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 36, 47
8. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 2, 25, 30, 33, 35, 37, 39, 41, 43, 44, 49, 50, 55, 61, 63
9. ШАПУРИЌ ЗОРАН- 7 ,22 ,28, 49


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 март 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по преостанатите точки од дневниот ред на десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кире Видимче, Игнатие Богдановски, Фаик Абди, Ќенан Хасипи, Тито Петковски, Ратка Куљан-Зографска, Владимир Соколовски, Исмет Рамадани, Петре Трајановски, Јаќим Ивановски, Симеон Наумовски, Наум Симјановски, Никола Р. Поповски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Како што сте известени образложение по втората и третата точка од дневниот ред, односно по Предлогот на законот за внатрешни работи и Предлогот на законот на Агенцијата за разузнавање ќе поднесе министерот за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски.

Има збор министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, една од темите за кои веројатно најмногу се зборуваше во овој период кој го поминавме од четири години и нешто повеќе во реформирање и заживување на парламентарната демократија во Република Македонија, е, секако, реформата во Министерството за внатрешни работи како дел од целината на реформите во нашата држава. Секако дека во основа на тоа има сериозна причина во местото, кои овие служби во принцип го имаат во парламентарните демократии и секако дел од енергијата на тие расправи имаше, што е и разбирливо, дневно политичка или политиканска инспирација.

Основните појдовни тези до кои Владата се држеше во реформирањето и во изведувањето на реформата во Министерството за внатрешни работи се.

Реформата не смееше и не смее да довде до партиско расипување или контаминирање на стручната администрација и професионална структура во Министерството за внатрешни работи, односно да ја избегне судбината во која западнаа голем број на пост комунистички земји а тоа е таканаречениот споил систем во администрацијата или партиско расипување на администрацијата.

Второ, реформата не смее да се одвива на начин кој ќе предизвика блокада на работата на Министерството за внатрешни работи и евентуален пораст на криминалот. Исто така, скоро правило во поголемиот дел од пост комунистичките земји, пораст кој во Македонија земајќи ја севкупноста на нејзината положба би имал директни политички консеквенции. Тие две појдовни основи сметам дека успеавме да ги одржиме. Денеска во Министерството за внатрешни работи работат

близу 70% на млади професионални, нормално едуцирани и обучени службеници, кои во професионалната кариера ги поминуваат сите предвидени степени, додека највисоките раководни работници се луѓе израснати и професионално развивани во стручните служби на Министерството, а не се кооптирани од надвор врз некакви политички критериуми.

Од друга страна реформите кои течеа во МВР, земајќи го предвид и овој завршен правен чин на нивно заокружување со двата закони кои се пред вас не допуштија и не се одвиваа на начин да МВР се бави самото со себе. Министерството за внатрешни работи да се бави самото со себе и евентуално продуцира блокада, велам и пораст на криминалот во форма на загрозување на општата сигурност и нормален секојдневен живот на граѓаните во Републиката.

Денес господа пратеници Македонија како една од пост комунистичките земји, сепак, тоа е компаративниот дел во кој се наоѓале сакале или не, според критериумите и на Интерпол, а не се само нашите спаѓа во земјите со најнизок степен на општиот криминалитет во Европа Тоа е резултат на добро избран политички курс, но и на жесток напор на работата на голем број на за вас непознати, веројатно професионалци во Министерството за внатрешни работи. Луѓе, свесни за своето место и улога во државата, секако не помали патриоти од сите нас, кои професионално се бавиме со политика, но кои знаат како да го искажат својот однос кон државата, работејќи во исклучително тешки услови во овој период во нашите граници во судир со криминалот или во секојдневните обврски со граѓаните.

Во изминатиот период МВР зад себе остави, сепак, дела постигнувања кои можеби од временска дистанца ќе бидат и подобро проценети. МВР беше единствената сериозно вооружена противтежа на Југословенската народна армија во времето на нејзиното повлекување

од Македонија. МВР беше прв чувар на македонските граници до формирањето на соодветните единици на АРМ. МВР остана ефикасна служба во сузбивањето на криминалитетот во постојана нагорна линија на откривачката функција што е исто така, фактички или со бројки проверливо, Министерството за внатрешни работи успешно заврши една од можеби најтешките административни операции во кои земјите поминуваат еднаш во својата историја веројатно, а тоа е регулирање на државјанството на практично целокупниот состав на граѓаните на Република Македонија и за тоа има услови според Законот за исклучително краток рок практично без сериозни инциденти и проблеми. Министерството за внатрешни работи беше и е исклучителна потпора во елиминирањето на обидите за пенетрација на странските разузнавачки служби во Република Македонија во овој дел ан Европа, каде веројатно најтешко е да се биде и остане независен и суверен. Со ова МВР придонесе според мое мислење значајно за стабилноста на Република Македонија, нејзините демократски институции и промоција на Република Македонија во светот како стабилна демократија.

Во изборот на моделот пак според кој завршно ќе се вообличи реформскиот процес во МВР со законите кои се пред вас, Владата пред се ги имаше предвид следните принципи:

Правно вообличување на стандарден праламентарен модел на позицијата на овој вид служби застапен во најголем број европски земји. Со тоа би се избегнала плитко реформската реторика или дневно - политичката лицитација околу темата реформа во МВР.

Второ, сериозно правна процедура за оживотворување на избраниот модел пригодна на целината на нашиот правен систем, со што

пак би се избегнало создавањето на правни празнини и импровизации.

Трето, изградба на служби кои произлегуваат од МВР и кои пред се ќе бидат во функција на суверенитетот на граѓанинот, неговите слободи и права за заштита на неговиот живот и имот, демократските институции и заштита од обидите за насилно рушење на уставниот поредок што е пак основа за било каква смислена употреба на поимите правна држава и демократија. Тоа се би се постигнало ако се овозможи остварување на моделот, полицијата како сервис на граѓаните и ефикасна служба за сузбивање на криминалот. Наведените принципи сметаме дека се реализирани во предлог на законските текстови пред вас, кои беа пропратени со обемен компаратртвен преглед, скоро 40-тина страни на седум референтни земји, од кои требаше да се види зошто е направен токму ваков избор соодветно прилагоден за нас.

Предлозите - закони поминаа и стручна експертиза од неколку независни странски тела кои во тој материјал се наведени. Со законите во кратки црти се овозможува поделба на Министерството за внатрешни работи практично на три дела.

Министерството за внатрешни работи во чиј состав е една автономна дирекција за безбедност и контраразузнавање и независна агенција за разузнавање.

Со законот МВР односно во МВР и неговата структура се наведени само базичните неопходни управи, со што е овозможена промена на надлежностите со законот за државна управа на министерствата и соодветно прелоцирање, доколку се почувствува потреба да се направи анализа кога тоа ќе сугерира, прераспределување на надлежности на министерствата со соодветна законска процедура. Со тоа практично не би се менувал овој закон освен првиот член каде што се наведени надлежностите сегашни на Министерството. Постојат прецизни одредби

за овластувањата на таканаречените овластени лица во МВР со што јасно се поставени границите на нивната законска активност. Воспоставен е стандарден систем на контрола. Контролата впрочем на ова Министерство и неговата работа не се воспоставува само со овој закон туку се обезбедува со неколку други закони, паралелно. Меѓутоа, стандардната контрола се одвива практично во четири различни нивоа.

Првото ниво е внатрешната хиерархија во министерството, кое завршува со правниот став фактички на министерот по повод кршење на определени законски одредби од неговите службеници.

Второ ниво е жалбената постапка или апелациона постапка до Комисија во Владата и со тоа завршува административниот пат.

Понатаму, постои управен спор или судство обновување на постапката со која се утврдува некаков став или некакво кршење на законските обврски на вработените во МВР и со тоа практично завршува судската или таканаречениот судски надзор на административните акти.

Третото ниво на контрола е парламентарната контрола која може да се одвива преку различни комисии во овој случај на најмалку три, соодветните комисии за контрола на дирекцијата и агенцијата и секако Комисија за заштита на човековите права. Паралелно со оваа контрола во парламентарни услови е секако контрола над преку институтот ОМБУЦМАН.

И последната контрола е онаа која останува секогаш отворена, секој вид на политичко и административно дејствување, тоа е контрола од јавноста и јавното мислење.

Да заклучам, според мислењето на Владата со овие закони добиваме стандардно парламентарно демократска позиција на МВР и служби кои произлегуваат сега од него како дополнителен услов за понатамошно зацврстување на правната држава и демократијата во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи уводното излагање на министерот Фрчковски се однесува на двата закони, предлагам да не водиме расправа сега одвоено по уводното излагање, туку расправата да се одвива во рамките по расправата по законите.

Дали се согласуваме? (Се согласуваат)

Минуваме на **точка 2** - Предлог на закон за внатрешни работи.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Господин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа денес расправаме за законски проект кој иако не е во групата на законите од системски карактер е од огромно значење, затоа што регулира област што е важен сегмент во воспоставувањето на целосната структура на новите институции на граѓанското општеството во склад со Уставот на Република Македонија.

Јасното разграничување помеѓу државната, граѓанската и политичката сфера се наметнува како' императив во напорите за изградба на цивилното општество. Тоа со своите елементи, како што се слободното организирано здружување, сферата на класичните и новите човекови порава и слободи, спонтаните иницијативи на граѓани во различни општествени движења и слично, јавното мислење и останато, претставува голем предизвик не само за Либералната партија.

Во нашата земја, иако поминаа повеќе од четири години по стапувањето на плурализмот на сила и од првите повеќепартиски избори, а повеќе од три години од донесувањето и прогласувањето на Уставот на Република Македонија, процесот на операционализацијата на концептот на граѓанското општество според нашата оценка се одвива недоволно брзо. Пример за тоа е и трансформацијата на Министерството за внатрешни работи за кое што е познато уште во 1992 година Либералната партија во својата платформа за дејствување во парламентарното мнозинство по некој основни прашања даде свои погледи. Исто така и во март 1993 година со заклучоците на нашите органи Либералната партија јасно укажа на употребата и неопходноста од побрза трансформација на МВР, дефинирајќи го притоа и правецот на промените.

Нашиот пристап го темелевме врз следните аспекти и принципи.

Прво, поставеноста, структурата и опфатот на МВР се настанати, досегашната поставеност, мислиме се постанати и како типична творба на концептот за држава од реалниот социјализам. Поранешното влијание на МВР и полицијата воопшто во обликување на политичкиот живот и креирање на политичката атмосфера во земјата беше исто така доста изразена.

Како трето би навел можната опасност од забавување на демократски процеси во земјата, поради што сконцентрирање на евентуалната преголема моќ во МВР не би придонесувало за успешно функционирање на државата. Затоа сметаме дека МВР треба темелно да се преуреди користејќи ги позитивните искуства од земјите со долгогодишна демократска традиција.

Конечно, денес пред нас се законските проекти со кои треба да ја постигнеме саканата цел. Нашата оценка беше дека првичниот преоден

концепт не ги задоволуваше сосема поставените наши барања поради што беа и нашите првични реакции од што од страна на предлагачот е беа делумно прифатени некои од нашите концепти односно некои од нашите размислувања. Доколку се направи барем и мала споредба со стариот концепт на законот и стариот закон за внатрешни работи, сепак според нашето мислење е неизбежна констатацијата дека реформскиот пристап во одредени сегменти можеше да биде и посеопфатен. Од стариот закон што е и нормално, исфрлени се терминолошките одредби од социјалистичкиот самоуправен систем а направен е обид со формирање на дирекција и агенција да се направат одредени реформи, но еден дел сепак, останува по старо.

Според понудените решенија МВР се откажува само од еден мал дел од досегашните функции. Сите управни работи се задржани понатаму, така што секој граѓанин како и досега и за арно и за лошо од раѓање, матичен број, венчавка, смрт, вадење лична карта, пасош, возачка дозвола и друго треба да се обрати до МВР што сепак, мора да признаеме е несвојствено за една граѓанска демократска држава.

Предвидено е и тоа во МВР да останат и противпожарните единици и инспекциските служби. Искуствата зборуваат дека е многу поумно во иднина против пожарна заштита да се интегрира со цивилната заштита во една посебна дирекција или управа врзана директно со Владата. Со тоа би се овозможило концентрирање на едно место на сите аспекти на оваа цивилна заштита и специјализирање на единиците и за заштита од други елементарни непогоди, земјотреси,. поплави и друго.

Во законот, исто така, сметаме дека не се прецизно дефинирани надлежностите на МВР во случај на воена состојба се упоребуваат термини од областа на одбраната што не се прецизни, иако со Уставот и со Законот за одбрана прецизно се дефинирани носителите на

овластувања во одбраната на Република Македонија. Покрај тоа што МВР задржува голем дел од овие досегашни ингеренции мораме да признаеме дека е оставена една можност со други посебни закони да бидат преземени од страна на други органи, во што сме длабоко убедени дека предлагачот и Владата и понатаму ќе оди во овој правец, односно дека овие измени кои се наговестуваат во предложениот закон ќе бидат набргу ставени на дневен ред.

Понатаму, за надлежноста од областа на стопанскиот криминал даночната проблематика и слични повреди на законот сепак е премалку наведено. Логично е и тие да преминат во надлежност на една финансиска полиција во Министерството за финансии, со што би биле во функција дна пазарната економија, а согласно со поголем број на земји со долга традиција на пазарното стопанство.

Значи, според нас потребно е и нужно МВР да се дефинира во иднина како орган на управа задолжен за заштита на јавниот ред и мир, односно класичната полиција и во служба за борба против недозволена трговија, пред се со оружје и со дрога и некои други видови криминални дејности, тоа е криминалистичка полиција или досегашната оператива на полицијата.

Исто така сметаме дека во Република Македонија како мала ди мирољубива држава не треба да се става преголем акцент на разузнавачка активност, бидејќи за тоа нема ни потреба, ни интерес ни сили. Поумесно е активностите да се сконцентрира на аспект на контраразузнавање односно дознавање и попречување на разузнавачки активности насочени против териториалниот интегритет на Република Македонија. на тој начин ние сметаме дека ќе бидеме и во светот добро разбрани и добронамерни прифатени.

I/11

Наводната опасност која се обидува да се импутира односно дека Либералната партија се залага да бидат отпуштени поголем дел поради овие реформи од работа на вработените во МВР не држи,бидејќи ние се залагаме за тоа еден дел од вработените во МВР да бидат ангажирани во новоформираните органи на управата кои ќе ги преземат одредени досегашни ингеренции на МВР. Тука мислам, пред се, на управните функции, но и на другите функции.

На крајот да завршам за нас длабочината на реформите што ќе се преземат во МВР е од суштинско и далекосежно значење. Доколку смогнеме сили и направиме соодветни реформски чекори ќе се потврдиме како вистински реформатори подготвени на прав начин да ги градиме институциите на едно современо, модерно, правно, граѓанско, цивилно општество. Впрочем и друг избор немаме.

II/1- .-CJ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас овде би кажал само некои забелешки на одредени членови за кои што лично сметам дека се косат со Уставот или немаат уставна основа.

Забелешка на член 1 став 1 алинеја 3, според Уставот на Република Македонија органи надлежни за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот се редовните судови и Уставниот суд на Република Македонија, а не МВР. Според тоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господин Димов, само еден момент, по текстот ќе разговараме после, ова е општ претрес по членовите, по текстот ќе отвориме. Во општиот текст може, меѓутоа, со оваа илустрација оваа одредба важи онаа одредба така, по текстот, по членовите, ќе расправаме после.

По општиот претрес повелете.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Добро, јас тогаш го задржувам правото за расправа по текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Коцевски.

II/2.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пред да почнам со излагањето по Законот за внатрешни работи, би сакал во името на пратеничката група на Либералната партија да им оддадам признание на претставниците на полицијата на РМ за успешно извршената акција во КПД Идризово. Во оваа акција тие покажаа дека можат брзо и ефикасно да излезат на крај со оние граѓани кои го избрале патот на насилство и насилно спротивставување на законите. Начинот на кој беше изведена акцијата укажува дека претставниците на полицијата на граѓаните на РМ можат да им гарантираат заштита од насилства и дека можат да ги одвратат очигледните обиди за негирање на судските одлуки.

Притоа, посебно е важно што оваа акција беше извршена без жртви што во вакви прилики во светот ретко се случуваат.

Ние сега расправаме за чекорите кои треба да се преземат во сферата на внатрешните работи заради нивно уредување според искуствата на развиените демократски земји со обезбедување на максимална заштита на правата и слободите на граѓаните, истовремено изнаоѓање на најдобри механизми за откривање и спречување на криминални обиди за поткопување на безбедноста на државата и нејзиното демократско обезбедување. Нашата оценка е дека донесувањето на овие два закони е исклучително важен долг од еден значително поширок потфат што ги зафаќа најголемиот дел од односите меѓу граѓаните и државата. Денес конечно чувме од собраниската говорница што по оваа проблематика мисли и министерот за внатрешни работи. Изминатиот мандат кога беше многу нужно да се образложи концептот на промените, бевме многу изненадени поради тоа што министерот не кажа ниту збор, ниту на седниците на комисиите, ниту пак на седницата на Собранието. Затоа, ние како пратеничка група

побаравме министерот за внатрешни работи кој истовремено е и овластен претставник на Владата да поднесе воведно излагање за да има можност да ги изложи своите видувања и причините, главните насоки и опфатот на промените во оваа област. Неговите многубројни јавни настапи по многу прашања на сите расположливи медии во последните две години даваат впечаток на семоќ и имаа форма на монолог и благо речено создаваа чувство на негова кампања преку средствата за информирање против оние кои поинаку мислат, иако тој тоа можеби и не го сакаше.

Но, сепак, на крајот нас ни е драго што министерот сфати дека и сите ние, а не само тој дека имаме намера да донесеме што подобар закон и работите во оваа област да ги решиме на што подобар начин, како за граѓаните, така и за државата.

Сакам да го информирам Собранието дека пред една недела сепак министерот прифати да дојде на разговор со пратеничката група на Либералната партија, со што сметам дека направи добар и конструктивен потег.

Со промените на законот што тогаш министерот ги прифати, а Владата ги предложи во вид на амандмани и станаа составен дел на текстот на законот, некои работи се дорасчистија и законот е многу подобар од претходната верзија. Ние сме веројатно единствената пост комунистичка земја која пријде на спроведување на реформите во оваа област без претходно да обелодени зошто спроведува реформи и што намерава со нив. Во досегашен недостаток на вакви службени искажувања, се разбира овде во Парламентот, ние се среќававме со тешкотии не знаевме и не можевме да бидеме начисто каква е целата замисла и што се постигнува со понудените предлози. Затоа јас сега ќе ги изложам причините зошто е потребна реформа и како ние гледаме на неа.

II/4.-

Всушност сегашното Министерство за внатрешни работи функционира врз основа на надлежности кои му се определени во едно друго време кога Македонија беше во состав на една друга држава и кога таа држава беше социјалистичка. Како и во сите други социјалистички земји така и во нашата ова Министерство имаше сеопфатна надлежност. Тоа и мораше да има таква надлежност во тие услови затоа што граѓанинот имаше поданичка позиција кон државата и државата преку ова министерство фактички требаше да има увид во сите податоци за граѓанинот. Затоа ова Министерство беше надлежно и за водење на книгите на родените, венчаните, умрените, евиденцијата на матичните броеви на граѓаните, личните карти, возачки дозволи и штоти не, т.е. граѓанинот требаше да биде на некоја макар и најнаивна врска со МВР.

Таквата сеопфатност како принцип на кој постои ова Министерство е во голем судир со новиот граѓански статус на човекот воспоставен со Уставот на РМ. Сите тие најважни настани од животот на еден човек и негови секојдневни потреби се негови приватни работи и се неутрални за државната власт. Затоа државните органи концептуално треба да бидат поставени како сервис на граѓаните, а не како органи кои нив ќе ги надгледуваат. Значи, реформите задолжително треба да расчистат со тој принцип на сеопфатност во надлежностите на МВР.

Втор принцип на кој овие министерства во поранешните социјалистички земји беа поставени е принципот секој граѓанин да е потенцијален внатрешен непријател на државната власт. Затоа, во овие министерства во истите земји постоеја посебни служби кои беа организирани да се борат против"внатрешниот и надворешниот" непријател без оглед дали тие служби се викаа "штаси, сигурими, УДБА или СДБ" иако со многу големи разлики меѓу себе сепак имаа иста концептуална основа. Преку тие служби тогаш единствената партија во

државата всушност една потесна владејачка група во нив го контролираше политичкиот живот во земјата, ја контролираше мислата, искажувањето на луѓето, нивните организирани здружувања и во сето тоа бараше внатрешни непријатели и се разбира ги сузбиваше. Ние сепак мислиме, цврсто сме убедени во тоа дека основна причина за реформите во оваа област е неодржливата концепција за контрола на граѓаните и контрола на политичкиот живот на граѓаните на која се засниваше ова Министерство. Потребата да се напушти таа концепција е основната причина за реформите.

Денес во услови на постоење и перманентна надградба на демократското граѓанско општество, повеќепартискиот систем, слободата на мислата, организирањето и здружувањето неопходно е потребно решително раскинување со старата концепција на МВР. Решенијата во законот пред измените членовите владини амандмани всушност ја издигнуваат таканаречената "Дирекција за заштита на уставниот поредок" што тогаш се предлагаше на ниво на единствен заштитник на уставното уредување со опасност истото да прерасне во врховен арбитер кој ќе оценува што е уставно, а што не, што поради тогаш мистериозниот и потполно недефиниран делокруг на надлежност носеше опасности таа служба да продолжи грубо да се меша во политичкиот живот на земјата. Тоа, се разбира, беше во спротивност и со одредбите од член 8 на Уставот на Република Македонија, во кој точно се наведени темелните вредности на уставниот поредок. Оттаму се и корените на нашите остри спротивставувања на тогаш понудените решенија.

Во новиот предлог "Дирекцијата" и според името и по опфатот на надлежностите што ќе ги извршува е попрецизно дефинирана, со што се создадени основите таа да се изгради како инструмент на демократскиот систем. Сега исто така доста јасно се уредени односите на оваа

"Дирекција" кон демократските институции на системот, а направен е и обид за промена на позицијата на граѓаните кон "Дирекцијата", со тоа што се сочувани основните права и слободи на граѓаните.

Другиот комплекс на нашите приговори се однесуваат на таканаречените управни работи кои засега и овој закон ги задржува во надлежност на МВР иако со формулација и други надлежности што сите заедно се само услуги на граѓаните од страна на државните органи и во целина земено се сврзани со неговиот идентитет и граѓански статус.

Овој момент спремни сме да го прифатиме образложението на министерот дека нивното задржување во надлежност на МВР е привремено решение иако тоа отвора дилема на тема дали се има јасна претстава за тоа што треба да се направи, како, кога и каде. Министерот Фрчковски е во право кога во повеќе наврати истакнува дека тие работи не можат да се издвојат од МВР со Законот за внатрешни работи, туку треба да се донесат други прописи што ќе регулираат кои, како и под кои услови ќе ги врши тие работи. Но, ние овде во Собранието немаме работа со министрите и министерствата, туку со Владата. Дури еве и овој закон за кој министерот Фрчковски е овластен претставник и надлежен да објаснува, сепак предлагач е Владата. Затоа, ние уште пред полни две години баравме Владата да направи . рамковна програма за да може точно да се согледаат како обемот, така и спецификите на поедините задачи и начинот на кој тие ќе бидат уредувани и решавани. Да се направеше таква програма тогаш ќе знаевме што се можеме да решиме со Законот за внатрешни работи, што со Законот за агенцијата за разузнавање, а што пак со Законот за државната управа и со законите за основање на посебни институти кои би извршувале одредени работи од

областа на граѓанскиот статус на човекот. Така точно ќе се знаеше што се спаѓа во таканарečениот граѓански статус на човекот и како треба да се уреди, што ќе биде во надлежност на МВР, што во надлежност на органите на државната управа и слично и кои се допирните точки со судската област. Во тој смисол не треба да се изгуби од вид и целокупната област на локалната самоуправа.

Политичките реформи во МВР имаат здрава основа во уставните решенија и затоа требаше да им се пријде програмски, а не парцијално и на парче. Во овој случај благодарејќи на разбирањето што го постигнавме со министерот и Владата, ние ќе го поддржиме овој закон. Тоа значи дека дел од нашите амандмани ќе бидат повлечени, бидејќи својата цел ја постигнаа со новите амандмани на Владата,иако со малку поинаква формулација. Дел од амандманите ќе бидат предмет на расправа и одлучуваше бидејќи има сеуште работи за кои сметаме дека треба на поинаков и подобар начин да се формулираат. Но, за тоа во амандманската расправа.

Би завршил со сугестијата и препораката до Владата што поскоро, во од да изготви програма на сите промени од сферата на политичкиот систем. Тоа од една страна многу ќе ни ја олесни работата, а од друга страна ќе придонесе низ програмскиот пристап да се избегнат непотребните судири и возбудувања.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

II/8.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за бришење на член 17 и за додавање нов член 21-а во глава III и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски поднесоа амандмани на член 7 и на член 32 за додавање нов став 2 со кои се согласила Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Никола Г. Поповски поднесе амандман на член 3 за менување на став 1 со кој претставникот на Владата се согласил и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати поднесоа амандман на член 29 за додавање нов став по ставот 1, а го повлекоа претходно поднесениот амандман на истиот член. Со овој амандман се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 27 став 3 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски, поднесоа амандмани на член 1 став 1 за бришење на алинеја 4, член 1 став 1 за бришење на алинеја 13, член 2, член 12 за бришење на точката 3 Дирекција за заштита на уставниот поредок и точка 1 контрола над работата на Дирекцијата, односно на членовите од 13 до 21 член, 22 став 2, член 24 став 2 точка 3 за менување на насловот на глава V, член 45 став 1 член

45 став 2, член 45 за додавање нов став во ставот 2, член 73 став 1 и член 74 став 1 со кои Владата не се согласила.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 16 став 2 на глава II поднаслов 3.1.,член 19 за бришење на став 2, член 32, член 33 став 3, член 43 став 1, член 45 став 2 и 4 и член 56 став 1.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандмани на член 27 став 3, член 28 став 3, член 29 за менување на став 2 и на член 29 став 6 со кои претставникот на Владата не се согласил.

Пратениците Мерсел Биљали, Зеќир Кдриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 5 став 4 и член 49 за додавање нов став 3, по кои претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на член 3 став 1 и истиот го повлече.

Пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати поднесоа амандмани на член 26 став 1 и на член 35 за бришење на точка 4 со кои претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Хисен Рамадани поднесе амандман на член 29 за додавање нов став 3 со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратениците Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Заќир Кадриу и Рами Туда поднесоа амандмани на член 8, член 10 за додавање нов став по ставот 2, член 15 став 2, член 29, член 35 за бришење на точката 4, член 38 и за додавање нов член 37-а со кои претстаникот на Владата не се согласил.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 3 став 1 и 2 и на член 28 став 3.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 3 став 1, член 29 став 2 и на член 70 со кои претставникот на Владата не се согласил.

II/10.-

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандмани на член 1 за додавање нова алинеја во алинејата 3, член 2, член 3, за бришење на став 1 на главата II за менување на насловот на точка 3 и за менување на член 13 на член 16 за бришење на став 2 и на член 2 8 за менување на став 3 со кои Владата не се согласила.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 за менување на алинеја 4 и за додавање нова алинеја во алинеја 17, член 2 и на глава II точка 3, за менување на член 13 и на член 19 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пред да минеме на амандманите, да напоменам, имаме претрес по секој амандман бидејќи некои нови пратеници на тоа нема да обрнат внимание можеби, особено сакам да обрнам внимание на намерата на господин Димов. Значи, се што се однесува по членовите по кои има амандмани во рамките по расправата по амандманите може да се каже. Ако е амандманот повлечен не може и на крајот на претресот по амандманите продолжуваме по претрес по текстот. Се што не е зафатено во расправата по амандманите, тогаш може по било која точка да се дадат забелешки и напомени, сугестии за понатаму итн. Так е претресот, ве молам.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање на нова алинеја во алинејата 3, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 за бришење на алинеја 4, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Бидејќи е дадена нова формулација на Дирекцијата, поради тоа што делумно е содржана и во нашиот амандман, амандманот го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, нема да се расправа по амандманот.

Господин Поповски процедурално, повели.

(Пратеникот Никола Поповски разговара со претседателот Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има едно техничко прашање, кое сака г-динот Никола Поповски во својот амандман кој е прифатен од Владата да го распра- ви, но бидејќи сега во текстот е прифатен од Владата, Владата и тој ќе го расправат кога ќе расправаме по текстот. Ќе ја продолжиме на крајот расправата по текстот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**:(од место)

Интервенцијата има амандманска форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Додека не го усвоиме законот, амандманските форми се на ред, ако тогаш добие незадоволително толкување и има амандманска форма, ќе минеме на амандман пак, кога ќе дојдеме на текстот.

+Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 за бришење на алинеја 13 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Според предложениот амандман предложивме да се избрише формулацијата "заштита од пожари и експлозии". За нас беше малку нелогично како може сите управни работи предлагачот да дозволи да останат во Законот за внатрешни работи со формулација "и други надлежности од делокругот на работа на Министерството", а против пожарната заштита и заштитата од експлозии да остане во рамките, третирана во овој закон.

III/2.-

Нашите размислувања одат во правец дека треба заштитата од пожар и експлозии да се издвои од рамките на Министерството за внатрешни работи и во перспектива да се интегрира со цивилната заштита која би излегла од Министерството за одбрана во една посебна дирекција која ќе биде врзана за Владата на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали останувате на амандманот?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 1 став 1 за бришење на алинеја 13, поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по Амандманот на член 2 поднесен од пратениците;: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Дали некој бара збор? (никој)

Го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

III/3.-

Молам кој бара збор? (никој)

Се повлекува амандманот. Ве молам, навреме укажете ми.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришеше на став 1 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

И јас сум во дилема дали да го повлечам овој амандман. Во разговорот што го имавме со г-динот министер стекнав впечаток дека тој се согласи да се изврши одредена корекција во формулацијата на овој член, меѓутоа, од амандманите што денес ги добивме од Владата се гледа дека тоа не е третирано, така што би сакал да добијам образложение од министерот дали да остануваат на претходната формулација или е некое недоразбирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за внатрешни работи, г-динот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не предложи преформулација на овој став од причини што амандманот на г-динот Никола Г. Поповски содржи таква измена и Владата го прифати. Со корекција на таа измена тој амандман фактички станува дел с5д Законот и поради тоа Владата не одеше со свој амандман. Инаку, таму е вграденана комплетно формулацијата која е прифатен и од Владата.

III/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, објаснувањето е дека суштината на амандманот е прифатена во една друга верзија и вашиот амандман нема на што да се однесува сега, не е тој во законот на кој се однесува.

Дали го повлекувате? (Да)

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Г-динот Стојаноски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Не е тука претседателот на Комисијата за политички систем но ова се однесува барем во ставот 1 на истиот текст кој сега не е во законот. Во ставот 2 не знам дали е поврзан,затоа што Комисијата дала амандмани амандман и на ставот 2.

Да видиме кој е известител, но и известителот е отсутен.

Еве, членови на Комисијата велат дека се повлекува, но да ја истераме постапката за да не дојдеме во непријатна состојба

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 4 поднесен од пратениците: Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 4 поднесен од пратениците: Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратениците: Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рамис Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став по ставот 2 поднесен од пратениците Абдуалди Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10

за додавање на нов став по ставот 2, поднесен од пратениците Абдуалди Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на насловот на точка 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на точка 3- Дирекција за заштита на Уставниот поредок и точка 3.1 – Контрола над работата на Дирекцијата односно на членовите од 13 до 21, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Бидејќи и во овој случај голем дел од овој амандман е прифатен во новите законски решенија, од овие причини, го повлекуваме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе ги читам амандманите, ќе кажете.

Отворам претрес по амандманот за менување на член -13 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2 поднесен од пратениците: Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 2 поднесен од пратениците: Абдулади Вејсели, Мерсел Биљали, Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Молам, кој бара збор? (никој)

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Тука е изменет основниот текст на законот на кој сте дале амандман, со амандманите ена Владата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (од место)

Го повлекуваме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандман на глава II во поднасловот 3.1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

III/8.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа Амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришење на став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот. Со соодветен амандман на Владата во ставот 2 е избришан зборот "особено", со што се задоволува функцијата на овој став во член 19. Значи, Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АННВО:**

Меѓутоа, Владиниот текст не е оној на кој е даден амандманот. Затоа, го молам претставникот на Комисијата да се изјасни.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (од место)

Го повлекуваме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на член 22, став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Дали останува овој амандман? (да)

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

III/9.-

21 пратеник гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 4 став 2 точка 3 поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.,

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

За жал, по ова прашање не успеавме да најдеме заеднички јазик со министерот. Како пратеничка група ние остануваме на нашето барање д асе изврши корекција во овој член. Во спротивно, ќе сметаме дека од овој момент кога ќе се донесе законот, бидејќи министерот и неговиот заменик тогаш ќе бидат овластени службени лица, значи политички лица, би требало да се третира дека тие понатаму нема да бидат политички лица, што е многу контрадикторно затоа што сепак тие како раководители во тој ресор се избрани од Парламентот и мислам дека е нелогично и неодржливо да остане таа формулација што е пред- ложена со понудените решенија од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа "за".

III/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 24 став 2 точка 3 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 2 7 став 3 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 став 3 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи Владата претходно прифати амандман на овој член, со кој го измени основниот став 3 на овој член. Идејата беше да додаде: "ако при извршување на службени работи има потреба и основ од влегување во туѓ дом или просторија, овластеното службено лице е должно претходно да се легитимира", со тој усвоен амандман се додава "и да покаже судска одлука", со тоа што самиот текст е изменет, од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали суштината на амандманот е усвоена?

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Да, усвоена е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата смета дека суштината на амандманот е усвоена.

Дали го повлекувате амандманот?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас сметам дека суштината не е погодена, затоа што формулацијата што со овие корекции ја предлага Владата дава многу пошироки овластувања на припадниците на Министерството за внатрешни работи во однос на тоа што овластувањата ги дава член 26 од Уставот на РМ, а во кој се вели дека домот на граѓанинот е неприкосновен и е загарантирана неповредливоста на домот, освен во случаите кога треба да се реагира заради откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето, овластеното службено лице е должно претходно да се легитимира и да презентира судска одлука.

III/12.-

Мојот амандман е во потполна корелација со членот 26 од Уставот на РМ и точно прецизира по кои прашања припадниците на Министерството за внатрешни работи, по претходно презентирање на судска одлука и сопствено легитимирање, може да влезат во туѓ дом или просторија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 за менување на став 3, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 3 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 3 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 3 под- несен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсел Билали, Зекир Кадриу и Рами

Туда.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели,Мерсел Билали, и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 9 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во предлогот на законот предвидено е овластените службени лица дека не треба приведените лица да ги изложуваат на јавна љубопитност.

"Не треба" е недефиниран поим и со амандманот предлагам да биде "не смеат" приведените лица да бидат изложени на јавна љубопитност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ова решение во Законот е ново и е прифатен стандардниот облик на негово изразување како што е во три закони што ги имавме на увид.

Се работи за тоа што не е возможно да се оствари императивот "не смеат", бидејќи при апсењата на улица невозможно е да се избегне изложувањето на јавна љубопитност во таа смисла.

Овде е идејата да се обврзат работените да не ги изложуваат дополнително,надвор од таа нужна ситуација во која сите се изложени на јавна љубопитност. не би смеело сега да се заоштрува со нешто со што самата норма би била бесмислена и неостварлива.

Затоа, амандманот не треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 29 став 2 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

IV/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 29 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 2 9 став 6 под- несен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 6 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 32 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

IV/5.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Да, Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

отворам претрес по амандманот на член 32 став 3 под- несен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 35 за бришење на точката 4 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 за бришење на точка 4 поднесен од пратениците Насер Зибери, Исмет Рамадани, Мевљан Таири и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за бришење на точката 4 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсил Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 за бришење на точката 4 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсел Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсил Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсил Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 43, став 1 под- несен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на глава 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас се уште верувам дека овде не се работи за недоразбирање, можеби за несмасна формулација на луѓето кои ги составувале овие законски одредби што не се во корелација со Уставот на Република Македонија.

Имено, во Уставот на Република Македонија во главата 7, после член 121 стои глава - Одбрана на Републиката, воена и вонредна состој ба.

За разлика од тоа, во овој предложен закон со членовите шот потоа следуваат предлагачот воопшто не прави разлика што се под-разбира по терминот одбрана на Републиката, а што под воена и вонред-на состојба. Имено, сите амандмани што следуваат се однесуваат на

прецизно формулирање на областите што се регулираат. Вака, како е предложено испаѓа дека под одбрана на Републиката се подразбираат и елементарните непогоди кои настануваат како резултат на поплави, епидемии, земјотреси итн., што е неприфатливо и спротивно со Уставот.

Затоа би сакал предлагачот повторно да размисли, не е опортуно и ако се согласи со следните амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара з&o|р? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 22 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на насловот на глава 5 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 1 под- несен од пратениците Ацо Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 5 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Владо Соколовски,Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 5 став 2 под- несен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапурик, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 став 2 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2 и 4 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4:5 за додава&е на нов став по ставот 2 поднесен од пратениците Аце  Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Со понудениот амандман предлагаме да се додаде нов став со следната содржина:

"Полицијата може да се употреби за извршување на борбени задачи во воена состојба само по наредба на претседателот на Републиката, врз основ ана планот за одбрана на Републиката".

Сметавме дека има потреба на попрецизно регулирање за употребата на единиците на полицијата во услови на воена состојба како што е тоа дефинирано со Уставот и Законот за одбрана на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот за внатрешни работи, г-динот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Прашањето за активирање на полициските сили во ситуација на војна е регулирано со Законот за одбрана. Нема потреба никаков паралелизам во евентуалното во овој закон регулирање на истата состојба. Таму е комплетно јасно дека во такви ситуации единиците на МВР стануваат составен дел на практично, единиците на Армијата на Република Македонија, со која командувањето е јасно дефинирано во тој закон, а исто така и во Уставот.

Од таа причина амандманот не с,е прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 5 за додавање нов став по ставот 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4 7-а поднесен од пратениците Абдулади Вејсели, Мерсел Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 47-а поднесен од пратениците Абдулади .Вејсели, Мерсел Билали, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 4 9 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Мерсел Билали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

IV/12.-

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Мерсел Биљали, Зекир Кадриу, Рами Туда и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 5 6 став 1 под- несен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи, г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворм претрес по амандманот на член 7 0 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски.

IV/13.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со овој член се предвидува правото на штрајк во Министерството. Јас би рекол ако во Министерството има штрајк, тоа ќе биде бунт.

Второ, премногу демагогија под превезот на демократијата, затоа што во сите четири става практично штрајкот е невозможно да се реализира. Во првиот став вели:

"Вработените во Министерството правото на штрајк можат да го остварат под услов битно да не се нарушува редовното извршување на работите", што е многу проблематично.

"Заради спречување на евентуални штетни последици министерот или од него овластен работник е должен да обезбеди потребно функционирање на организационите единици во процесот на работата.

Врз основ ана преземени мерки од ставот 2 на овој член вработените се должни да постапуваат по соодветните наредби". Значи имаат право на штрајк, од друга страна ќе бидат повикани, мора да ги извршуваат обврските. И, четвртиот став вели:

"Доколку вработените не постапат согласно", слушајте го ова сега ако сакаме тие луѓе да ги доведеме во една заблуда да лесно грешат почитувајќи ги од една страна своите права, а од друга страна наредбите, "Доколку вработените не постапат согласно на ставот 3 од овој член министерот односно овластениот работник е должен да го обезбеди остварувањето на работниот процес со заменување на соодветните работници".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Гошев.

IV/14.-

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, штрајкот не е хаотичен прекин на работа. секаде штрајкот се дефинира како организиран прекин на работа. Оттука, димензијата, Вие што велите ако одиме од потребите на Службата така и се димензионира штрајкот.

Имаме Закон за штрајк каде се предвидува во органите на управата, во оние органи што се крајно потребни за функционирање заради одржување на редот и животот во државата, димензијата на организацијата на штрајк се уредува со закон. Тако што штрајкот е организиран прекин на работа. штрајкот не е хаотичен прекин на работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 6 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 70 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 7 3 став 1 поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Звонко Каров и Славе Наумовски.

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Овој амандман 14 е исто така во непосредна врска со амандман 15 и се работи за член 73, односно 74. Овде се работи пред се да се даде тежина на одредени работи, односно да не се сфати дека министерот односно Министерството донесува позаконски акти за се и сешто и се предлага за одредени работи, односно тука е за вршење на работа на дирекциите и начин на постапување со привремено одземени и пронајдени предмети, подзаконските акти за тоа да се донесуваат од страна на Владата, а не од министерот. А, за останатите овластувања на министерот не стана збор, само за овие две и да се даде во тежина, бидејќи ова е посложена проблематика и поголема одговорност за овие две работи би требало, односно да биде за тоа надлежна Владата, а не министерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во наведените всушност два члена на кои се однесуваат амандманите, во случајов и овој амандман се работи за обврски што и со други закони се дефинирани како обврски на министерот, имено на Владата. Тука се прецизно дефинирани за што и за кои подзаконски акти ги донесува Владата, а кои ги донесува министерот.

Во делот на членот 7 4 каде што се дефинира кои подзаконски акти ги донесува министерот, се однесува на два става, за вршење работи на дирекцијата и начинот на постапување со привремено одземените пријавени предмети.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ**: (продолжение)

Во тој случај вршење на работите на Дирекцијата подразбира правилата на службата кои во МВР ги донесува, исто така, министерот и тука не може да се создаде сега дебаланс, за правилата на службата под оддел, или еден дел кој е во состав на Министерството, тоа го донесува Владата, а за целината пак на Министерството, го донесува министерот. Всушност тоа се работи кои секогаш се однесуваат на технологијата на изведување на законски дефинираните рамки. Тука не се пропишуваат некои нови работи, кои секогаш остануваат на инокосниот орган односно министерот да ги донесе. Важните делови од тие подзаконски акти, кои се однесуваат на употреба на сила, ги донесува, како што може да видите во член 73, Владата. Така да важните делови во подзаконските акти кои може да се однесуваат на допир со човековите права и слободи, ги донесува сепак Владата. Тука има прецизно разграничување на тоа. Од друга страна пак начинот на постапување со примена на одземени и пронајдени предмети да не се меша со одлука како тие понатаму ќе се отуѓат. Тоа е дефинирано и со друг закон. Овде се однесува само за техниката на чувањето. Министерот не може да одлучи што со предметите ќе прави.- Тоа всушност е дефинирано во законот за кривична постапка, дефинирано, туку само начинот на кој ќе се чуваат во текот на постапката. Според тоа, тоа е акт кој воопшто не е на ниво да го донесува Владата. Во таа смисла амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака? (10) Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 73, став 1, поднесен од пратениците: Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Ѕвонко Каров и Славе Наумов.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Владо Соколовски, Ѕвонко Каров и Славе Наумовски. Амандманот се повлекува.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот Молам господинот Поповски да дообјасни дали ќе произлезе и амандман од тоа, да видиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Тука се работи само заради технички усогласувања. Амандманот на член 3 став 1 е прифатен од Владата и усогласен во следнава форма: "Граѓаните претпријатијата и другите правни лица и државни органи му овозможуваат уредно вршење на работите од негова надлежност." Зборовите до крајот на реченицата "и му укажуваат помош на Министерството за внатрешни работи", ги повлекувам и во согласност со Владата така е прифатен амандманот. Значи после зборот "надлежност" се става "точка" и до крај се брише амандманот. Реков така е усогласено со Владата. Со оглед дека вие прочитавте дека целината на амандманот е прифатен, молам тоа да се евидентира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали има тука разидување.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата ја прифаќа ваквата корекција на амандманот.

V/3

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прифатена е интерпретацијата од господинот Поповски.

Има збор господинот Лазо Димов.

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Мојата забелешка се однесуваше на член 1 од Законот за внатрешни работи каде во описот, во општите одредби во надлежност на овој орган спаѓа, значи тоа е став 1 алинеја 3, а според Уставот на Република Македонија органи надлежни за заштита на слободите и правата на човекот и граѓаните се редовните судови и Уставниот суд на РМ, а не МВР. Според тоа овој вид на работа сметам дека не би требало да биде во надлежност на овој орган, бидејќи како работа не припаѓа.

Исто така, на крајот во истиот член последната алинеја вели - како внатрешни работи и други работи утврдени со закон. Мислам дека ова не е во ред, бидејќи внатрешните работи се уредуваат со овој закон. Другите закони не би требало да уредуваат внатрешни работи а исто така и надлежноста на овој орган во тој поглед не би била во ред.

Исто така имам една забелешка на член 11 каде има, можеби една несреќна формулација. При наведувањето заради заштита на безбедноста на РМ во воена вонредна итн. состојба, има право да се мобилизираат ученици и полицајци постари од 18 години и после, и студентите и слушателите на курсеви на полицајци, од работници, институции итн. Сега овде нема додефинирање на студенти, бидејќи колку што знаеме може ова несреќно да се применува, бидејќи ова е закон, без разлика што студентите и високото школство е автономно, според Уставот, овде по моја оценка се остава можност за некои незгодни интерпретации. Ако тоа не е така овие студенти што ќе се

школуваат на соодветни школи се тргнуваат надвор од универзитетскиот систем, што и едното и другото, по моја оценка е малку шкаклива работа и би требало да се обрне внимание.

И генерална забелешка, бидејќи овде во општата расправа се зборуваше за сите идеолошки идеи и трансформации на оваа служба а никако да се трансформира називот. Секаде пишува работници. Поимот работници подразбира некој нешто да прави, создава или обработува. Јас мислам дека попригоден термин овде треба да биде некој што врши некоја услуга, или во текстот да стои службеници.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи сега ги добивме амандманите од страна на Владата на РМ кои воедно стануваат и составен дел на Законот, па би сакал едно дообјаснување од страна на предлагачот за членот 13 во делот каде што се набројува што се подразбира под безбедност и контраразузнавање односно кои работи потпаѓаат под тоа, па се зборува дека тоа се однесува на заштита од шпионажа, тероризам или други активности насочени кон загрозување или уривање на демократските институции утврдени со Уставот на РМ со насилни средства, како и заштита од потешки форми на организиран криминал. Дали самата синтагма, така да кажам на организиран криминал не претставува доволен сигнал дека не треба да се степенува, во смисла на потешки, полесни, или тешки итн. Сметам дека самата појава на организиран криминал претставува доволен сигнал за внесување односно преземање на одредени активности. Така да степенувањето, навистина, не ми е јасно.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во предложеното прецизирање на надлежноста на дирекцијата, освен она што е воглавно неспорно и јас го разбрав дека е неспорно во нејзиното прецизирање, се додаде еден дел кој е во поново време се

додава во надлежност во сите нови законски решенија на разузнавачките и на контраразузнавачките служби. Или пак прибирањето на податоците за некои потешки форми на организиран криминал, во англискиот закон се користи терминот сериозни кривични дела. Се работи за тоа што организираниот криминал само како надлежност е поделен меѓу односно ставен во надлежност на криминалистичката полиција, во основа каде што се формираат департмани, посебни делови кои се занимаваат само со организиран криминал. Додавањето на оваа надлежност на разузнавачките и контраразузнавачките служби е пред се во делот на собирањето на податоци и подготовката за успешно спротивставување на тие форми на потежок криминал со белези на организиран криминал. Логиката е дека класичната полиција и криминалистичката полиција во разузнавачкиот дел не е доволно да се спротивстави за новите софистицирани и тешки форми на организиран криминал и се создаваат делови во кои овие служби на соодветен начин низ процедура мораат да соработуваат меѓусебе со јасно поделени надлежности во активноста, меѓутоа, мораат да соработуваат, пред се, во собирањето на податоци. Малата линија на разграничување, да не се разбере дека сиот организиран криминал како таков е надлежност на дирекцијата. Меѓутоа не е така. Се наведува дека сериозните форми во кои класичната полиција и криминалистичката полиција не е доволна да се спротивстави, соработува и со дирекцијата на контра разузнавање. Таа може да соработува преку институции на Владата и со агенцијата за разузнавање. Оттаму се отвара можност за соработка, бидејќи доколку тоа не стои така би се довело во прашање правно, дали воопшто дирекцијата може да собира податоци кои се однесуваат на организираниот криминал. Тогаш правна дилема би се отворила. На овој начин се создава можност, се прави една возможна разлика на потешки дела, бидејќи организираниот криминал сепак е во  надлежност на

криминалистичката полиција за што постои и систематизиран оддел во тој дел. Затоа се користи овој термин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по текстот на законот?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Кога се отвори веќе дискусија по оваа тема јас би сакал да го прашам министерот дали не е подобро да направиме уште еден обид за поконкретно лоцирање, во смисла на ова што Љупчо го постави, затоа што оваа формулација што е употребена, како и заштита од потешки форми на организиран криминал не е точно лоцирано што се подразбира под тоа.

Ние иако сме задоволни од тоа што Министерството сепак ги прифати нашите заложби, точно да се лоцираат надлежностите на оваа дирекција, јас би сугерирал сега, до колку се согласи министерот да се додаде - анализа и документирање на податоци сврзани со потешки форми на организиран криминал. Значи точно да се знае дирекцијата за безбедност и контраразузнавање кои сегменти од областа на потешки- те форми на организираниот криминал ќе ги работи. Значи само анализа и документирање на податоци и после тоа давање во надлежност на соодветните служби, дали тоа ќе биде финансиска полиција или криминалистичката полиција, тоа е друга работа. Мислам дека би било добро и Законот би добил во квалитет, во колку министерот се согласи точно да се лоцира на што се мисли кога се зборува за потешки форми на организиран криминал.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Документирањето и евидентирањето на податоците поврзани со надлежноста на дирекцијата е генерална одредба. Таа се однесува на сите надлежности на дирекцијата. И во делот кај насилното уривање односно обидите за насилно уривање на демократските институции

утврден со Уставот, работа на Дирекцијата не е полициска акција на апсење на лицата за кои постои документиран или евидентиран доказ дека се занимавале со таква активност. Тоа е повторно работа на за тоа овластените лица во МВР. Со тоа сакам да кажам дека дирекцијата нема полициски овластување. Документирањето и собирањето на податоци е генерална зона на работа на дирекцијата во сите сфери наведени, па вклучувајќи го и организираниот криминал. Тука не треба да се прави посебно нагласување само за организираниот криминал, овие делови на активност. Тоа значи дека за другите делови таа би требало да има и други надлежност, што не е точно, бидејќи дирекцијата генерално за наведената надлежност имаат овластувања кои се стриктно определени со подзаконскиот акт во рамките на вака дефинираната надлежност, а тоа значи дека нема полициски овластувања. Самото приведување на лица, легитимирање на лица на улица, таквите надлежности и овластувања не може да ги имаат ни претставници на дирекција ни агенција, никој друг .Одтаму се работи за генерална надлежност која не може вака да се потенцира само за еден сегмент од надлежноста.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека во овие одредби стои само принципот на работа на службата, а никако не стои определување на потешки и полесни кривични дела. Не беше точна констатацијата дека со овој закон треба да се затвори, туку во хоризонтална смисла на сите законски проекти кои ја регулираат казнената политика. Тука треба тоа прашање да се дорегулира. Еве ќе спомнам дека во кривичната постапка исто така е определено како полицијата настапува во истражната постапка, во откривањето па се до покренувањето на обвинението. Исто така во Законот за обвинителството, кога јавниот обвинител ги поканува

службите  за внатрешни работи да испитаат одредена состојба, да му дадат податоци, така да таа градација нека стои. Тоа е еден принцип на работа, а казнивите дела ќе бидат утврдени во кривичниот закон на РМ. Оттука може да се каже дали некое дело е потешко, какво е, ќе биде опишано во своето битие, во диспозитивот и во санкционирањето на тоа кривично дело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (72)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за внатрешни работи.

Преминуваме на **<u>третата точка</u>** - <u>Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на РМ поднесе амандман на член 2 3 став 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Аце Коцевски,Зоран Шапуриќ, Славе Наумовски, Љупчо Мешков, Владо Соколовски и Кире Видимче поднесоа амандман на член 10 за бришење на став 2 и за менување на член 4 со кој претставникот на Владата не се согласи.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на глава II на став 10 и став 2 и на член 17.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандман на член 19 за бришеше на став 2 со кој претставникот на Владата не се согласи.

ЗПК поднесе амандман на член 45.

Комисијата за полатички систем поднесе амандман на член 19 за менување на став 2 и на член 34.

Владата на РМ поднесе амандман на член 16 за менуваше на став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 под- несен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Славе Наумовски, Љупчо Мешков, Владо Соколовски и Кире Видимче.

Молам кој бара збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Со предложениот амандман баравме да се избрише ставот, заправо тоа е единствен став во членот 4 во кој се вели дека Владата на РМ може да побара одговорност од директорот за работата на Агенцијата затоа што е во спротивност со член 3 каде се вели дека со Агенцијата раководи директорот кој го именува и разрешува претседателот на Републиката за време од 4 години. Заради тоа ние предложивме нова содржина на членот 4 која би гласела: " За својата работа и работата на Агенцијата директорот на Агенцијата му одговара претседателот на Републиката". Сметаме дека нема потреба од мешање во надлежностите во другиот сегмент од извршната власт односно Владата.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

По дискусијата за овој амандман Владата има доставено два свои амандмани кои веројатно од техничка природа не се проследени до Собранието и тие треба да бидат составен дел на законот. Имено  со

него се менуваат член 3 и член 4, на некој начин се дополнуваат и тие членови гласат вака: во членот 3 првиот став останува "со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува претседателот на Републиката". Тука се додава, после точката втор став кој гласи "директорот се именува за време од 4 години". Фактички е истото решение само во два прецизни става се формулира.

Околу амандманот кој е предложен во член 4, Владата го прифати суштински, меѓутоа го задржа своето решение кое станува став 2 сега на новиот член 4 и целиот член 4 гласи: "За својата работа и работата на Агенцијата директорот му одговара на претседателот на РМ". Вториот став е "Владата на РМ може да побара одговорност на директорот за работата на Агенцијата".

Во овој случај јасно се дефинира оригинерната одговорност на директорот, соодветно на политичкото лице кое и го именува. Меѓутоа, со законот може да се утврди постапка кога и други органи и организации од државната управа можат во процедура да побараат одговорност. Тука не се сугерира постапката и ставот на лицето кое ја утврдува одговорноста по побараната одговорност. Тука само се лоцира можност да се побара одговорност и тоа не е спротивно со решението за назначување односно именување на директорот. Значи членот 3 и членот 4 гласат во верзија, се составен дел на Законот, вака како што јас сега ви прочитав.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

По оваа дискусија на министерот испаѓа дека нашиот амандамн суштински е прифатен и од.тие причини го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава II, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, за бришење на став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Славе Наумовски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски и Кире Видимче.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за бришење на став 2, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Зоран Шапуриќ, Славе Наумовски, Љупчо Мешков, Владимир Соколовски и Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за внатрешни работи г-динот Фрчковски.

VI/2.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во членот 10 став 2 Владата предложи преформулација на обврската на директорот на Агенцијата односно на Комисијата која во оригинална верзија е должна да го достави извештајот до директорот на Агенцијата и тој амандман стана составен дел на законот. Во овој случај мене не ми е јасно дали амандманот на Комисијата се однесува на изменетиот текст или на овој текст. Изменетиот текст гласи поинаку "Должноста се врзува за директорот'.' Имено, директорот е должен да даде мислеше по прашањата за тајноста на извештајот на Комисијата. Таква должност е нужна да се утврди и не може комплетно да се анулира правото на егзекутивата да утврди делови од извештајот само од аспект на тајноста и да го сугерира нивниот натамошен режим земајќи ги предвид и другите закони за државна тајна кои на тоа го обврзуваат. Оттаму, доколку се разјасни ова прашање, новиот став на Владата ако е тој амандманот во овој случај го немам амандманот за да можам прецизно да утврдам, би сугерирал прецизирање на задржување на суштинското решение во новиот амандман на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Комисијата го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фрчковски.

Овде нема ништо за повереникот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во овој случај јас немам никакво информираше како се изјаснил повереникот на Владата.

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за бришеше на став 2 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на став 2, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 34, поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фрчковски.

VI/4.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот од следните причини. Всушност се работи за додатокот на платата која ја примаат вработените овластени службени лица во Агенцијата за разузнавање и со законот е утврдено на 30%, а со амандманот се предлага да се намали на 20%. Имено, се работи за еден баланс кој е утврден од егзекутивната власт во плаќањето на соодветните служби кои се протегаат од соодветните служби во армијата од овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи. Тој баланс е прецизно поставен, се работи за следното. Овластувањата, ризикот на работа и напорот од работното време кое во овој случај се користи и кое на овој начин може да се награди е врзано прецизно за работата на овластените службени лица во овој случај. Ваквиот процент го имаме во МВР за сите службени лица. Не постои основ да се разликуваат овластените службени лица во Агенцијата во иднина и да се менува нивниот егзистенционален статус без било какви аргументи. Во тој случај само да ви наведам пример соодветните гранични единици во Министерството за одбрана имаат ваков процент и вработените кои работат со експлозивни материјали таму. Овластените службени лица во МВР, а 20% земаат затвор- ските чувари. Во овој случај би се изравниле по својата позиција а овластените лица во Агенцијата за разузнавање со затворските чувари И берберите во затворите. Такво уравнилување едноставно би било неправедно, не може да се воспостави меѓу различни одговорности физичко урамнотежување на доходот или на можноста за наградување. Оттаму тој баланс би се пореметил и во овој случај не би можеле да ги предвидиме последиците на регрутацијата на кадрите во Агенцијата на овој начин ако се постави.

Од тие причини Владата смета дека амандманот не треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 45, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Агенцијата за разузнавање.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Десеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Објавувам дека во 13,00 часот ќе продолжиме со Единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија и ги молам претставниците на Владата да бидат овде заедно со пратениците.

(Седницата заврши со работа во 12,25 часот)